Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

14 август, 2019

# ЈАВЕН ПОВИК

**за избор на претставници од граѓанскиот сектор во работна група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, по барање на Министерството за внатрешни работи, согласно заклучоците од 148. седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30.07.2019 година, објавува Јавен повик за избор на тројца претставници од граѓанскиот сектор во работна група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи.

Процесот на ветинг (vetting) е процес на проверка на вработените и претставува одржлив институционален механизам неопходен за транзициони демократии со цел проценка на соодветноста на вработените за нивната работна позиција во некоја институција. Оваа мерка пред се, е да се унапреди интегритетот и да се зголеми професионализмот на вработените во институциите надлежни за владеење на правото, да се зацврсти ефикасноста во борбата против криминалот и да се поддржат вработените во институциите кои се способни, чесни и посветени, како главни носители на системот на правдата.

Во работната група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи ќе бидат вклучени претставници од меѓународни организации, граѓанскиот сектор, академската и научната јавност, како и синдикатот во Министерството.

Активното учество и придонесот на претставниците на граѓанскиот сектот во работата на Работната група е без надомест.

Кандидатите за претставници на граѓанскиот сектор во работната група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи потребно е да бидат поддржани од организации кои:

1. се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на јавниот повик;
2. во статутот имаат утврдено дејности и цели во областите: владеење на правото, заштита на човековите права или борба против криминалот и корупцијата;
3. работењето и дејствувањето е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата.

Кандидатите за претставници на граѓанскиот сектор во работната група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи треба да ги исполнуваат следните услови:

1. да поседуваат најмалку три години работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областите: владеење на правото, заштита на човековите права или борба против криминалот и корупцијата;
2. да имаат експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областите: владеење на правото, заштита на човековите права или борба против криминалот и корупцијата (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.);
3. активно да го познаваат англискиот јазик;
4. да не се членови на органи на политички партии;
5. да не се избрани или именувани лица;
6. да не се вработени во орган на државната управа.

Пријавувањето се врши на образец што може да се преземе од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Кон пријавата треба да се приложи:

1. кратка биографија на кандидатот;
2. потполнет образец, потпишан од застапникот на организацијата и заверен со печат на организацијата;
3. профил на организацијалта која го предлага кандидатот.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 23 август 2019 година**.

Пријавите доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат!

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку електронска пошта на адресата nvosorabotka@gs.gov.mk.